ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

Здружение за развој
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ
Бр. 0302-13/3
24.02 2021 год.
СКОПЈЕ

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:- Заради спроведување на анализа за тековната состојба во институциите на јавниот сектор, Ве молиме да ни ги доставите следните податоци:

**1. Ве молиме наведете го бројот на членови на управниот и надзорниот одбор:**

| | | |
|---|---|---|
| А) Членови на управен одбор (УО) | Впишете број: ___________ | Од нив, вкупно мажи: __________ односно вкупно жени:__________ |
| Б) Членови на надзорен одбор (НО) | Впишете број: ___________ | Од нив, вкупно мажи: __________ односно вкупно жени:__________ |

**2. Ве молиме пополнете ја табелата според етничката припадност и степенот на образование на членовите на управниот и надзорниот одбор со впишување на соодветниот број:**

| **За членовите на управниот одбор (впишете вкупен број на членови)** | | **За членовите на надзорниот одбор (впишете вкупен број на членови)** | |
|---|---|---|---|
| Етничка припадност: | Степен на образование: | Етничка припадност: | Степен на образование |
| Македонци/ки ____<br>Албанци/ки____<br>Турци/чинки____<br>Роми/ки ____<br>Срби/ки ____<br>Босанци/ки ____<br>Власи/инки ____<br>Други ____ | Основно образование ____<br>Средно образование ____<br>Вишо образование ____<br>Високо образование ____<br>Пост дипломски ____ | Македонци/ки ____<br>Албанци/ки____<br>Турци/чинки____<br>Роми/ки ____<br>Срби/ки ____<br>Босанци/ки ____<br>Власи/инки ____<br>Други ____ | Основно образование ____<br>Средно образование ____<br>Вишо образование____<br>Високо образование ____<br>Пост дипломски ____ |

**3. Ве молиме да посочите на кој начин ги исплаќате членовите на УО и/или НО:**

а) Членовите добиваат месечен надомест

б) Членовите добиваат надомест за одржана седница

в) И двете

**4. Ве молиме да ни доставите информација за висината на паричниот надомест кој го добива секој член од управниот односно надзорниот одбор:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| А) За член на управен одбор | Впишете го месечниот надомест (доколку го има): ___________ | Впишете висина на надомест по седница (доколку се исплатува): ______________ | Вкупен број на седници на УО за:<br>2020 година _______<br>2019 година _______<br>2018 година _______ |
| Б) За член на надзорен одбор | Впишете го месечниот надомест (доколку го има): ___________ | Впишете висина на надомест по седница (доколку се исплатува): ______________ | Вкупен број на седници на НО за:<br>2020 година _______<br>2019 година _______<br>2018 година _______ |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 25.02.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005- | 267/1 | | |

Арх. знак Shenja arkivore ________
Рок на чување Afati i ruajtjes ________
________ 20___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
________

Центар за
Управување со
Промени

**5. Ве молиме назначете на колку години се врши изборот на членовите на Управниот одбор:**

а) четири години без право на реизбор

б) четири години со право на реизбор

в) друго ______________________________

**6. Кои и какви критериуми имате воспоставено за избор на членовите на управен и надзорен одбор? Ве молиме наведете ги поединечно критериумите за избор (пр. години искуство, образование и сл);**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**7. Ве молиме наведете како се врши изборот на членови на управен одбор и надзорен одбор? Доколку има соодветна регулатива, упатете не на соодветниот документ (или доставете го во прилог);**

______________________________________________________________________

**8. Ве молам наведете го износот на плата на ракоодното лице на вашата институција (директор, заменик директор, претседател, заменик претседател итн) и наведете го износот на плата и начинот на пресметка на платата**

Пр. директор:

______________________________________________________________________

Заменик директор:

______________________________________________________________________

| **Форма во која се бара информацијата:** | **Начин на доставување на информацијата:** |
|---|---|
| - а) увид | - а) по пошта (ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје) |
| - б) препис | - б) телефон |
| - в) фотокопија | - в) факс |
| - г) електронски запис | - **г) е-маил** |
| - д) друго (испраќање на информации) | - д) друго------------------------------------------------ |

**Барател на информацијата:**
Центар за управување со промени,
ул. Рајко Жинзифов бр.44-1 Скопје
е-пошта: kristina.ilievska@cup.org.mk
тел.: 02 6092-216

Датум: 24.02.2021

Скопје

Овластено лице:
[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

03.03.2021 година

**Архивски број:** 1005-267/5

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „ Службен весник на РСМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-267 од 25.02.2021 година поднесено од [redacted] број [redacted] од [redacted] година во делот кој се однесува на информации за Управен и Надзорен одбор **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**.
2. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-[redacted] од [redacted] година поднесено од [redacted] со нивни број 0302-13/3 од 24.02.2021 година во делот кој се однесува на информација за износот на плата на раководното лице на институција и начинот на пресметка на плата **СЕ УВАЖУВА.**
3. информацијата во делот во кој се уважува барањето ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 25.02.2021 година од страна на [redacted] со нивни број [redacted] од [redacted] година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст: Државна комисија) доставено е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото беше заведено под број 1005-267/1.

Во барањето е наведено дека заради спроведување на анализа за тековната состојба во институциите на јавниот сектор бараат да се доставaт податоци за Управен и надзорен одбор, како и податоци за износот на плата на раководното лице на институцијата


Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

(директор, заменик директор, претседател, заменик претседател итн), како и начинот на пресметка на плата.

Притоа, начинот на кој се бара да се достави информацијата е по електронска пошта.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен донесе одлука барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер да го одбие како неосновано во делот кој се однесува на информации за Управен и Надзор одбор, а во делот со кој се бара информација за износот на плата на раководното лице на институцијата ( директор, заменик директор, претседател, заменик претседател итн) барањето да го уважи, од следниве причини:

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е основана со Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( „ Службен весник на Република Македонија" бр.51/11, 148/13, 41/2014, 130/2014, 53/2016, 11/18 и 127/18).

Во законот со кој е основана Државната комисија не е предвидено постоење на Управен или надзорен одбор како еден од органите на комисијата. Од тие причини, Државната комисија не може да постапи по Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во делот кој се однесува на податоци за Управниот и надзорниот одбор на комисијата и донесе одлука барањето за пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-267 во тој дел да го одбие како неосновано.

Во однос на барањето на информација за износот на плата на раководното лице на институцијата (директор, заменик директор, претседател, заменик претседател итн), истата ќе биде доставена во форма и начин како што е наведено во самото барање.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисја одлучи како во диспозитивот на Решението.

Правна поука: Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

*Изготвил: Наталија С. Филипова*